З А П И С Н И К

од тринаесеттиот состанок во 2014 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации што се одржа на 29.09.2014 година во 09:30 часот

Тринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 29.09.2014 година во 09:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова,
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски
4. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов
5. Членот на Комисијата г-дин Газменд Ајдини
6. Шефот на кабинет на Директорот Елизабета Двојакова,
7. Раководителот на Секторот за правни работи - Бојана Стефановска - во својство на записничар.

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневен ред:

1. **Усвојување на Записникот од дванаесетиот состанок на Комисијата на АЕК одржан на 18.09.2014 и усвојување на предлог дневниот ред за тринаесетиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК**

Од страна на Комисијата беше едногласно усвоен Записникот од дванаесеттата седница на Комисијата на АЕК одржан на 18.09.2014 и дневниот ред за тринаесеттиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК.

2. **Усогласување на Статутот на Агенцијата за Електронски Комуникации**

По доставениот допис од страна на Собранието на Република Македонија членовите на комисијата истите ги разгледаа и дискутираа по нив по што се донесе заклучок дека се прифатливи сите освен забелешката по однос на член 9 став 7 имајќи во предвид дека во членот 11 став (6) од Законот за електронските комуникации е утврдено дека Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година го усвојува Комисијата на Агенцијата, најдоцна до 10 март во тековната година, а во ставот (7) од истиот член е утврдено дека Годишната програма за работа на Агенцијата во чиј состав е финансискиот план за наредната година, Комисијата на Агенцијата ја донесува најдоцна до 10 декември во тековната година.

Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Имајќи ги предвид овие законски одредби, а со цел на реализација на одредбата од членот 29 став (8) од Законот за електронските комуникации каде е утврдено дека нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година... Пренесувањето на нереализираните средства се врши преку изменување на Годишната програма за работа, односно изменување на претходно усвоениот финансиски план на Агенцијата за наредната година. Од ова произлегува дека доколку не биде имплементирана спорната одредба, во Статутот на Агенцијата, истото би претставувало кршење на Законот за електронските комуникации. Во согласност со Законот за електронски комуникации кој стапи во сила на 06.03.2014 година, поточно одредбите од член 188 став 1 според кој Агенцијата ќе ги донесе прописите од овој Закон во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на истиот, а со интенција да се запази рокот, членовите на комисијата одлучија да доставаат до Собранието на Република Македонија предлог-текстот на Статутот за добивање на согласност.

3. **Разно**

   Членовите на Комисијата дискутираа во врска со постапките за јавни набавки и укажуваа за нивно побрзо распишување. Исто така дадоа согласност за службени патувања за членовите Газменд Ајдини и Горан Велинов.

Состанокот заврши во 14:00 часот.

Гордана Клинчарова, претседател _____

Петар Есмеров, член_____

Горан Велинов , член _____

Газменд Ајдини, член _____

Наш број _____

Скопје _____

Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија

тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk